Од овој број па натаму во рубриката INBOX ќе објавуваме писма, коментари, забелешки и сугестии од читателите. Е - mail адресата на којашто може да се праќаат пораки е:

**premin@mpc.org.mk**

Можеби последните настани со нашиот владика Наум се поодминати, сепак сакам да приспомнам за тоа. Не дека сум загрижен тоа што плукаат на Црквата и на сѐ што е свето (ја имаме молитвата како оружје против таквите), но опкружен од моите ближни по плот, гледајќи ги како тие се соблазнети од пишувањата на ‘новинарите’, ме натера преку тебе да кажам нешто што се надевам би одвратил од соблазните барем еден од тие соблазнети браќа и сестри.

Не знам како може тие ‘новинари’ да си толкуваат работи коишто воопшо не им се познати. Пред да се возобнови монаштвото во Македонија народот беше во една многу бедна духовна состојба. И денеска опстојува таа тенденција на духовно растројство, но дедо Наум и братствата и сестринствата поставија добар столб на Црквата; многу изгубени овци се враќаат во стадото. Знам дека на многумина што го слушаат ова нема многу да им значи. Пред три-четири години и мене воопшто не ми значеше. Но тие не се свесни што значи да се има благодат од Светиот Дух. А некои пак, потпомогнати од непријателот, или од сопствената суета, на таквите добри нешта гледаат со жолчност. Но, од камењата што тие ги фрлаат монасите изградија Црква. Светиот апостол Лука вели: *Блажени ќе бидете, кога ќе ве намразат луѓето, и ќе ве одделат и похулат, и го исфрлат името ваше како лошо, заради Синот Човечки!* (6, 22)

Сакам да му кажам на народот да не се соблазнува од изјавите по медиумите, не само во врска со Црквата, ами и воопшто; јас, неколку пати сум бил сведок како соопштуваат невистини за некои настани или личности коишто ми се добро познати (вклучувајќи и работи што не се поврзани со Црквата).

Мир со тебе и со сите